Уп. бр. 08- 73

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ГР.Сарантис С.А. (GR. Sarantis S.A.), со седиште на адреса ул. "Амарусиу – Халандриу" бр. 26, 15125 Маруси, Атина, Грција доставено преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 02.10.2019 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ГР.Сарантис С.А. (GR. Sarantis S.A.), со седиште на адреса ул. "Амарусиу – Халандриу" бр. 26, 15125 Маруси, Атина, Грција ќе стекне контрола над определен имот во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед, (PZ Cussons (International) Limited), со седиште во Манчестер, Манчестер Бизнис Парк, 3500 Авиејтор Веј, М22 5ТГ, Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска С.А. (PZ Cussons Polska S.A), со седиште на ул."Чочимска" бр. 17, 00 – 791, Варшава, а кој имот се состои од средства поврзани со маркетинг и продажба на производи од трговската марка Луксја, заедно со сите права поврзани со тие средства, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 26.08.2019 година, а дополнето на 29.08.2019 година и на 30.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од ГР.Сарантис С.А. (GR. Sarantis S.A.), со седиште на адреса ул. "Амарусиу –

Халандриу" бр. 26, 15125 Маруси, Атина, Грција, со која ГР.Сарантис С.А. ќе стекне контрола над определен имот во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед, (PZ Cussons (International) Limited), со седиште во Манчестер, Манчестер Бизнис Парк, 3500 Авиејтор Веј, М22 5ТГ, Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска С.А. (PZ Cussons Polska S.A), со седиште на ул."Чочимска" бр. 17, 00 – 791, Варшава, а кој имот се состои од средства поврзани со маркетинг и продажба на производи од трговската марка Луксја, заедно со сите права поврзани со тие средства.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањата и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ГР.Сарантис С.А., Грција**, котира на Берзата во Атина уште од 1994 година и е матично друштво на Групацијата на трговски друштва Сарантис (Групација Сарантис). Групацијата Сарантис се занимава со производство и дистрибуција на следниве категории производи: козметика за широка потрошувачка (производи за лична нега), производи за домаќинство (вклучувајќи производи за професионална употреба), производи за нега и здравје (витамини, додатоци во исхрана, сетови за тестирање, фармацевтска козметика) и луксузна козметика (парфеми, козметика за нега на лице и шминка).

Групацијата Сарантис има едно поврзано лице во Република Северна Македонија: Друштво за трговија Сарантис-Скопје експорт-импорт ДООЕЛ со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.113 Скопје и со дејност: трговија на големо со парфимериски и козметички препарати.

Имотот кој се купува, а е во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска, Полска се состои од средства поврзани со маркетинг и продажба на производи од трговската марка Луксја, заедно со сите права поврзани со тие средства. Во Република Северна Македонија, имотот кој се купува има остварено продажби во финансиската година 2018/19.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (в) (i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**